АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА
ЛОТАРИЈА
Бр. 02-30
11.05.16 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК

**Од Собранието на акционери на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје одржано на ден 11.05.2016 година, во 12:00 часот во просториите на хотел Фершпед Маврово, во с. Маврови Анови**

На Собранието присуствуваа:

1. Акционери кои сами се претставуваа : Митко Димов, Викторија Насковска,Зоран Тодоропвски, Христина Лакинска, Јордан Велков, Александар Поповски и Александар Најдоски.

2. Со полномошно Александар Илијевски од ФЕРШПЕД АД Скопје

Собранието го отвори претседавачот на претходното Собрание Викторија Насковска , која предложи да се избере нов претседавач на Собранието, бидејќи согласно Законот за трговските друштва за секоја седница се избира нов претседавач.

За претседавач беше предложена Викторија Насковска . Бидејќи немаше друг предлог, предлогот се стави на гласање и Собранието ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за избор на Претседавач на Собранието

1. За Претседавач кој ќе претседава на седницата на Собранието на акционери кое се одржува на ден 11.05.2016 година се избира:
   - Викторија Насковска - акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

2.Претседавачот од т. 1 на оваа Одлука претседава со седницата на Собранието, го определува редоследот на работата и го одржува редот на работата на Собранието.

3. Оваа Одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Претседавачот на Собранието соопшти дека во оставениот законски рок од 7 дена од објавувањето на јавниот повик не е доставено ниту едно барање за вклучување нови точки по предложениот Дневен ред, па за работа го предложи следниот:

## Дневен ред

**I Процедурален дел**

- Избор на Записничар и двајца оверувачи;

- Избор на бројач на гласови;
- Избор на верификациона комисија ;
- Извештај на верификационата комисија

**II Работен дел**

1. Разгледување и одобрување на :

-Годишната сметка за деловната 2015 година , со предлог-одлука за одобрување на Годишната сметка за деловната 2015 година и предлог-одлука за распределба на добивката за 2015 година ,

-Финансиските извештаи за деловната 2015 година , ревидирани од овластен ревизор, со предлог-одлука,

-Годишниот извештај за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2015, со предлог-одлука.

2. Разгледување и одобрување на Годишниот извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД за 2015 година, со предлог- одлука.

3. Разгледување и одобрување на Извештајот поднесен од неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2015 година, со предлог -одлука.

4. Расправа и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори за начинот на водење на Друштвото, со предлог-одлука.

5. Донесување одлука за назначување на овластен ревизор за вршење ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година

Предложениот Дневен ред беше едногласно прифатен.

***I Процедурален дел***

Претседавачот на Собранието Викторија Насковска предложи да се избере записничар и оверувачи на записникот. За записничар беше предложена Христина Лакинска , а за оверувачи на записникот беа предложени Јордан Велков и Зоран Тодоровски,

Согласно член 400 од Законот за трговските друштва, претседавачот предложи гласањето да биде јавно. За бројач на гласови беше предложен Зоран Тодоровски. Бидејќи немаше други предлози, а немаше ниту еден акционер кој беше против предлогот , Собранието ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на записничар, оверувачи на записникот и бројач на гласови**

1. За Записничар на Собранието на акционери кое се одржува на ден 11.05.2016 година се избира:
- Христина Лакинска- акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, а за оверувачи на записникот се избираат :
- Јордан Велков-акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје,и
- Зоран Тодоровски-акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

2. За бројач на гласови се избира Зоран Тодоровски - акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје.

3. Оваа Одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Претседавачот предложи да се избере Верификациона комисија која ќе изврши верификација на присутните акционери и ќе утврди кворум за работа.

За Верификациона комисија беа предложени: Митко Димов, Александар Илијевски и Александар Поповски. Собранието го прифати предлогот и ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за избор на Верификациона комисија**

1. Се избира Верификациона комисија во состав:
-Митко Димов, акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје,
-Александар Илијевски, со полномошно од ФЕРШПЕД АД Скопје, и
-Александар Поповски, акционер во ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје

2. Верификационата комисија од т. 1 на оваа Одлука има задача да изврши увид во Списокот на акционери и да изготви Извештај за Собранието на акционери кое се одржува на ден 11.05.2016 година , за бројот на присутни , односно за бројот на гласови за работа на Собранието.

3. Оваа Одлука влегува во сила веднаш по донесувањето.

Претседавачот на Собранието ги запозна присутните акционери дека секој акционер има право да бара препис на Списокот на присутните акционери од Секторот за општи и правни работи.

Верификационата комисија од увидот во Списокот на акционери према вкупниот број присутни, констатира дека Собранието на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје има кворум за работа, односно од вкупно 161.540 обични акции, од кои 16.000 обични сопствени акции, и 145.540 акции со право на глас, на Собранието се присутни акционери со вкупно 112.060 гласа, односно 77% .

Претседавачот на Собранието констатира кворум за работа и предложи Собранието да продолжи со работа.

***II Работен дел***

**ПРВА ТОЧКА**

На оваа точка од Дневниот ред беа разгледани: Годишната сметка, Финансиските извештаи ревидирани од овластен ревизор и Годишниот извештај за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈ АД Скопје за деловната 2015 година.

По дискусијата во која учествуваа Митко Димов, Александар Најдоски и Александар Поповски, Годишната сметка беше ставена на гласање и со 112.060 гласа „ ЗА „ се донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување на Годишната сметка за деловната 2015 год.**

1. Се одобрува годишната сметка на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2015 година со следните остварени резултати од Билансот на успех за 2015 година:

- П р и х о д и......................................................................38.883.203,00
- Р а с х о д и...................................................................... 38.503.653,00
-Добивка пред оданочување........................................................379.550,00
- Данок..................................................................................32.270,00
- Добивка за финансиска година........................................ 347.280,00

2. Остварени резултати од Извештајот за сеопфатна добивка/загуба за 2015 година:

- Добивка за финансиска година................................................347.280,00
- Нереализирана загуба од вложувања расположливи за продажба ....................................................................423.960,00
- Вкупна сеопфатна загуба............................................... 76.680,00

3. Податоците од годишната сметка од точка 1 на оваа Одлука се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.

4. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Едновремено Собранието со 112.060 гласа „ ЗА„ ја донесе и следната:

**ОДЛУКА**

**За распределба на добивката по годишната сметка за 2015 година**

1. Добивката по одданочување за 2015 година, во износ од 347.280,00 денари, се распределува за покривање на акумулираната загуба од претходните години.

2. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Финансиските извештаи за деловната 2015 година, ревидирани од овластен ревизор беа ставени на гласање и со 112.060 гласа „ ЗА„ беше донесена следната:

**ОДЛУКА**
**За одобрување на финансиските извештаи за деловната 2015 година**

1.Се одобруваат финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2015 година ревидирани од овластен ревизор.
2. Податоците од финансиските извештаи се јавни и достапни за сите лица на начин и во постапка согласно Закон.
3. Оваaа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2015 година беше ставен на гласање, и со 112.060 гласа „ЗА„, Собранието ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За одобрување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за деловната 2015 година**

1.Се одобрува Годишниот извештај за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2015 година.

2. Извештајот од точка 1 на оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**ВТОРА ТОЧКА**

По оваа точка од Дневниот ред беше разгледан Годишниот извештај за работењето на Службата за внатрешна ревизија за 2015 година. По гласањето со 112.060 гласа „ ЗА „ се донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на Годишниот извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија за 2015 година**

1. Се одобрува Годишниот извештај од работата на Службата за внатрешна ревизија на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за 2015 година.

2. Извештајот од точка 1 на оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

3. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**ТРЕТА ТОЧКА**

На оваа точка од Дневниот ред акционерите го разгледаа Извештајот на неизвршните членови на Одборот на директори , и по гласањето со 112.060 гласа „ЗА„ Собранието ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За одобрување на Извештајот на неизвршните членови на Одборот на директори**

1. Се одобрува Извештајот поднесен од Неизвршните членови на Одборот на директори за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2015 година.

2. Извештајот од точка 1 од оваа Одлука е составен дел на Одлуката.

3. Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**

Претседавачот Викторија Насковска истакна дека прифаќањето и одобрувањето на Извештајот за работењето на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, финансиските извештаи и Годишната сметка значи одобрување на работата на Одборот на директори, За одобрување на работата се гласа за секој член поединечно.

По гласањето се донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори**

1.Се одобрува работењето на членовите на Одборот на директори на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје за деловната 2015 година и тоа:

- Драган Наков - неизвршен независен член - Претседател на Одборот на директори се одобрува со 112.060 гласа .
- Митко Димов - Генерален извршен директор - извршен член , се одобрува со 112.060 гласа.
- Тодор Сејзов - неизвршен член се одобрува со 112.060 гласа.

2. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

**ПЕТТА ТОЧКА**

На оваа точка од Дневниот ред од Одборот на директори беше предложено за овластен ревизор за годишната сметка и за финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година да биде Ревизорската куќа БиЉ, Боро и Љупчо ДОО Скопје.

Предлогот беше ставен на гласање,и Собранието со 112.060 гласа „ЗА„ ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За избор на овластен Ревизор**

1. Се овластува ревизорската куќа Друштво за ревизија,проценка и финансиски консалтинг Б и Љ Боро и Љупчо д.о.о. Скопје, да врши ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА А Д Скопје за 2016 година.

2.Овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука врши ревизија на финансиските извештаи на Друштвото и подготвува Извештај за извршената ревизија според Меѓународните ревизорски стандарди со ревизорско мислење.

3. Овластениот ревизор е должен да бара од членовите на Одборот на директори докази што се потребни за вршење на уредно испитување на финансиските извештаи.

4. Членовите на Одборот на директори се должни да му овозможат на овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука увид во целокупната документација, вклучително и она што се смета за деловна тајна.

5. Се овластува Генералниот извршен директор на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје да го потпише Договорот со овластениот ревизор од точка 1 на оваа Одлука.

6.Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Со исцрпување на Дневниот ред Собранието заврши со работа.

**СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО**
**Претседавач,**
**Викторија Насковска**

**Записничар,**
Христина Лакинска

**Оверувачи :**
Зоран Тодоровски

Јордан Велков